**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП бр.1310-58
од 26.01.2022 година
Велес

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, … и 32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 51 од Статутот на Општина Велес, (Сл. Гласник 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), Градоначалникот на Општина Велес го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на јавен увид по**

**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г2.1 - Лесна градежна индустрија – База за производство на асфалт на КП 10455, КО Велес и пристапен пат, Општина Велес**

Граници на опфатот за КП бр.10455, КО Велес се:

- на западната страна опфатот се граничи со КП 10454;
- на јужната страна граничи со КП 10457;
- на југоисточна страна опфатот граничи со КП 10456;
- на северната страна опфатот се граничи со КП 10424/1.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 16043 $м^2$ или 1,6ха.

Јавниот увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г2.1 - Лесна градежна индустрија – База за производство на асфалт на КП 10455, КО Велес и пристапен пат, Општина Велес, ќе се спроведе со објавување на службената веб страна на Општина Велес.

Јавниот увид ќе трае 15 дена, од 26.01 до 09.02.2022 година, на службената веб страна на Општина Велес (www.veles.gov.mk).

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општина Велес
**Марко Колев**